**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Бр. 22-75/2**
**17.01.2024 год.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), и („Службен весник на РСМ", бр. 89/22 и 171/22), постапувајќи по барањето за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 22-1198/1 од 01.12.2023 година поднесено од Друштво за градежништво ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ ДОО - Скопје, со седиште на бул. Илинден бр. 43/1, Скопје - Центар, Градоначалникот на Општина Ранковце донесе:

# РЕШЕНИЕ

### за издавање на Б- интегрирана еколошка дозвола

1. **СЕ ИЗДАВА** Б - интегрирана еколошка дозвола на Друштво за градежништво ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ ДОО - Скопје, со седиште на бул. Илинден бр. 43/1, Скопје – Центар.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Друштво за градежништво "ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ" ДОО - Скопје, да постапува во согласност со условите и обврските дефинирани во оваа дозвола.
3. Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во дневен весник, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, на сметка на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштво за градежништво "ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ" ДОО - Скопје (понатаму:барател), до Градоначаникот на Општина Ранковце поднесе барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 22-1198/1 на ден 01.12.2023 година (понатаму: барање) со прилози во 3 (три) копии и електронска форма во 1 (едно) CD.

Барањето е изработено согласно Правилникот за постапка за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на Република Македонија", бр. 112/14 и 42/16).

Активноста за која е поднесено барањето е опфатена во Прилог 3. Активности на инсталации за кои е потребна Б - интегрирана еколошка дозвола, Точка 3. Индуструја на милерали, 3.3. Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50м$^3$ од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план ("Службен весник на Република Македонија", бр. 89/05).
Надлежниот орган за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола, согласно член 123 став (1) од Законот за животната средина (понатаму: надлежен орган), го разгледа доставеното барање, по што изготви пресметка и достави до барателот Налог за плаќање на надоместок при поднесување на барање за добивање Б-интегрирана

еколошка дозвола бр. 22-1198/1 од 01.12.2023 година и истиот го достави и до Секторот за финансиски прашања на Општина Ранковце. Износот на надоместокот беше пресметан согласно Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр.117/07, 64/10 и 186/16). Барателот изврши уплата на надоместокот при поднесување на барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола и електронски достави доказ за извршената уплата.

Надлежниот орган, Општина Ранковце изготви Нацрт Б - интегрирана еколошка дозвола бр. 22-1198/3 од 06.12.2023 година. Нацрт дозволата беше објавена во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија (нова Македонија), како и на интернет страната на Општина Ранковце со податоци каде јавноста може да изврши увид во нацрт дозволата со предвиден рок од 14 дена за достава на евентуални забелешки по истата, согласно член 107 став (13) и член 122 став (4) од Законот за животната средина. Во дадениот рок не беа доставени никакви забелешки по нацрт дозволата.

Согласно член 2 став (7) од Правилникот за постапка за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвила („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14 и 42/16), надлежниот орган изврши увид во инсталацијата на ден 16.01.2024 година и состави записник со кој се констатира фактичката состојба во однос на утврдување на состојбата на локацијата и инсталацијата и проверка на податоците содржани во барањето.

Надлежниот орган врз основа на целосното барање, по завршувањето на целокупната постапка и согласно надлежностите кои произлегуваат од член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина, утврди дека барателот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Б-интегрираната еколошка дозвола бр. 22-75/3 од 17.01.2024 година ќе се објави на веб страната на Општина Ранковце и во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, при што објавата во дневниот весник е на трошок на барателот, а согласно член 113 и член 122 став(4) од Законот за животната средина.

Врз основа на горенаведеното надлежниот орган одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на донесување на решението преку овој орган до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Изработил: Александар Стојановски
Одобрил: Моме Крстевски

**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Градоначалник,**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ РАНКОВЦЕ

Доставено до:

- Архива на Општина Ранковце
- Друштво за градежништво “ЕНЕРГО МАКСИСТЕМ” ДОО - Скопје
- Сектор за инспекциски надзор
- Министерство за животна средина и просторно планирање